*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-2047/3*
*28.03.2022 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 118, став 1 од Законот за основното образование образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Штип на ден 28.03.2022 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА**
**- ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ТОШО АРСОВ" - ШТИП**

1.За вршител на должноста - Директор на Општинско Основно Училиште „Тошо Арсов" -Штип се именува:

– Коце Харизанов, професор по одделенска настава

2. Вршителот на должноста ги има сите права и обврски како директор на ООУ„Тошо Арсов" Штип, а стапува на должност од 29 март 2022 година.

3. Се задолжува вршителот на должноста во рок од 3 (три) дена од именувањето со разрешениот директор на училиштето, да изврши примопредавање на должноста во согласност со позитивните законски прописи.

4. Функцијата вршител на должноста, вршителот ќе ја извршува се до изборот на директор на ООУ„Тошо Арсов" Штип, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5.Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

*Образложение*

Од причина што настапија услови кои доведоа до разрешување на директорот на ООУ„Тошо Арсов" – Штип, со Решение број 09-2047/2 од 28.03.2022 година Градоначалникот на Општина Штип, започна постапка за именување на вршител на должноста - Директор на ООУ„Тошо Арсов" - Штип.

Од редот на вработените во ООУ„Тошо Арсов" – Штип, вработениот на неопределено време во истото основно училиште – Коце Харизанов, на работно место професор по одделенска настава, се именува за вршител на должност Директор на ООУ„Тошо Арсов" – Штип.

Вршителот на должноста директор ќе ги врши работите во траење од најмногу шест месеци, или се' до именување на нов директор, а за тој временски период работното место се става во мирување.

Од погоре наведените причини се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Незадоволната страна има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Градоначалникот на Општина Штип до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Општината Штип**
**Градоначалник,**
**Иван Јорданов**

*Секретар на Општина Штип:*
*Вишна Шорова-Ангелова*